РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4880/3
01-07-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 71-та седница одржана на 30.06.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-2057/1 од 31.05.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-2057/1 од 31.05.2021 да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 31.05.2021 година, поднесена е пријава и оформен е предмет број 12-2057/1 од 31.05.2021 година.

Во пријавата се укажува на сомневање дека лицето ------------------------, поранешен директор на ------------------------ на РСМ, користејќи ја позицијата на генерален директор го оштетил претпријатието со два милиони евра со тоа што средствата ги однел во ------------------------------------------------ иако се знаело дека банката има проблеми, а парите останале заробени во банка.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата не се содржани доволно податоци и конкретни наводи за начинот и периодот кога се извршени посочените дејствија за сомневање за незаконитости од страна на службеното лице, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател
Нури Бајрами

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk